РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ

| Примено: | - 5 -05- 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 553/12 | | |

До
Универзитетската изборна комисија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Бул. Гоце Делчев бр. 9
Скопје

П Р И Г О В О Р

**Предмет:** Приговор во врска со решение бр. 02-553/9 од 3.5.2023 година од проф. д-р Горан Ајдински, редовен професор на Филозофскиот факултет

Почитувани,

Во горенаведеното решение, во член 1 утврдена е листата на кандидати за избор на ректор на Универзитетот Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година.

Во истиот член е наведено дека кандидатите се утврдени по азбучен ред на презимето на кандидатот.

Во утврдување на кандидатите како прв кандидат е наведена кандидатката Ангелова, проф. д-р Биљана, а втор Ајдински, проф. д-р Горан. Со оглед на тоа што двете презимиња почнуваат со буквата „А“ поредувањето треба да продолжи по втората буква. Со оглед на тоа што буквата „ј“ во македонската азбука е пред буквата „н“, Ве молам да извршите исправка во член 1 на решението, односно кандидатот Ајдински, проф. д-р Горан да биде наведен под реден број 1 во утврдената листа на кандидати.

Барам новото коригирано решение да биде објавено на веб страната на УКИМ и да биде доставено до единиците.

Подносител на приговорот
Проф. д-р Горан Ајдински

Доставено до:
- Архивата на УКИМ;
- uik@ukim.edu.mk